ПЗУ - Поликлиника од примарната здравствена заштита [redacted]
Бр. 63/14
7. 11. 2014 год
ТЕТОВО

ДО
**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРИВАТНИ ЛЕКАРИ НА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Укажување за последиците од нелогичноста во законските прописи за Примарна Здравствена Заштита**

**Несфатливо, но вистина!**

**Можно ли е, успешна фирма финансиски и морално да пропадне ако еден вработен, па макар бил тој и некаков шеф или раководител (во случајов доктор) на работна единица, без најава и предупредување реши да замине од истата?!**

**Тоа само несфатливите закони од ФЗОМ и Министерство за здравство за ПЗУ од Примарна Здравствена Заштита го овозможуваат, и тоа мене, ПЗУ [redacted] – Поликлиника од ПЗЗ од Тетово, ми се случува во моментов.**

**Од околу 5.500 пациенти во мојата ПЗУ, речиси 2.600 се водеа кај Др Р[redacted] А[redacted] вработена во амбуланта – организациона единица по Општа медицина вон Здравствениот Дом, значи голем број, се со цел половина од нив да се префрлат на уште еден лекарски тим за да во амбулантата има две смени. Тоа ФЗОМ и МЗ во 2012г., па и 2013г. не ми се дозволи поради забрана за проширување на постоечките ПЗУ до формирање на здравствена мрежа на ниво на РМ. Заради тој закон изгубив прекрасн и вредна докторка која од замена на докторка на породилно, сакав да ја задржам, а го изгубив и првиот мој стипендист - доктор, кој за среќа дипломира во Софија – Бугарија, па лесно можеше да замине за Германија каде вакви апсурдни пречки не постојат. Сега, се чини, не ќе можам да го вработам и вториот мој дипломиран стипендист – доктор кој во декември полага државен испит и ќе добие лиценца за работа.**

**Зошто? Еве зошто:**

1. **Со ненајавеното заминување на Др Р.А., ФЗОМ сите 2.600 пациенти што се водат кај неа ќе ми ги избрише, пациенти кои со години биле тука заради мене и моето реноме, а не заради Р.А. и**
2. **Со нивното бришење капитацијата ФЗОМ ќе ми ја преполови, финансиската состојба на мојата ПЗУ ќе се преполови, што значи ќе бидам примoрана да ја затворам едната ординација, нема да можам да примам и плаќам доктор на место Р.А. и ќе морам да ја отпуштам медицинската сестра од тимот со Др Р.А.**

**Во ера на кампањи за вработување, јас, сега веќе без средства од ФЗОМ, неможам да вработам лекарски тим (две семејства оставам без приходи) бидејќи ФЗОМ ме става во позиција "од готово на вересија".**

И до сега, на некој начин, за овој голем број на пациенти бевме казнети од страна на ФЗОМ, за 100% услуга на пациентите, добивавме за дел од нив 70% на и 45% капитација, а сега, кога ќе префрлиме дел од пациентите на Р.А. кај сега приватните доктори, капитацијата може ќе биде и 30%. Намалувањето на капитацијата при имање голем број пациенти ФЗОМ го правдаше со цел вработување на нови лекарски тимови од една страна, а од друга страна 2012г. и 2013г. тоа не ми го дозволи.

Министерот за здравство во Клинички Центар вредните доктори со многу прегледи и пациенти ги наградува, а нас, матичните лекари, како што гледате од изнесеното, ФЗОМ не казнува.

Зошто сум јас, односно мојата ПЗУ и моите пациенти виновни ова да ни се случува? Зошто едноставно, како при одење на породилно групно не се префрлат пациентите кај замената. Иако денес тешко се наоѓа лекар, јас доктор – замена за Р.А. за право чудо најдов но ако немам средства незнам како ќе ја исплаќам. Тие 2.600 пациенти што ќе бидат избришани, биле мои и пак ќе бидат мои, но колку пати треба еден ист пациен во една иста ПЗУ да се пренпријавува?! И колку време ќе ми биде за тоа потребно, бидејќи во глобала групата пациенти кај Др Р.А. беа на возраст од 15 до 30 години (исто толку години се и мои пациенти), но сега се и најздрави и ретко идат на преглед и за нивна пререгистрација ќе ми бидат потребни години.

Добив совет од колеги да ги групирам пациентите по место на живеење, па со лаптоп, читач и ИЛ-1 обрасци да ги посетам и пререгистрирам.

Не е ли срамно, доктор со шестгодишно факултетско образование, четиригодишна специјализација, неброени континуирани медицински едукации и 37 години стаж да се сведе, фигуративно кажано, на ниво на земјоделец кој својата зелка ја нуди по улици, населби и села?! Јас имам пациенти не само од Тетово, туку буквално и од сите околни тетовски села.

Освестете се луѓе и колеги што им се случува на докторите во ПЗЗ и помогнете проблемите да се надминат!

Уште една нелогичност во Законот за ПЗЗ на ФЗОМ и МЗ, па луѓе, која држава пропаѓа или фирма се затвора ако нивниот шеф или директор отиде во пензија или ,не дај боже, почине. Па во таа фирма има уште вработени лекарски тимови што можат да ја водат таа ПЗУ фирма, впрочем, пациентите се тие што треба да одлучат дали таа ПЗУ ќе преживее или не, а не некои нелогични бирократски закони.

Можеби и ова било причина Др Р.А. да замине во јавно здравство плашејќи се од неизвесност во примарната приватна здравствена заштита, дури и по цена да ја отфрли својата штотуку стекната диплома на специјалист по семејна медицина, но сосема нефер и непоштено од нејзина страна што тоа не го најави а јас дека е примена во ЈЗУ Клиничка болница Тетово дознав од огласната табла а нѐ лично од неа. Да знаев за нејзините намери барем два-три месеци наназад ќе барав лекар за нејзина замена и ќе ги префрлав пациентите.

Во сета мака не стигнав да Ви се преставам:

ПЗУ Др [redacted], ординација по педијатрија се оформи со приватизацијата како концесионер во Здравствен дом Тетово од 01.01.2007г.

Прва на ниво на Македонија од 01.05.2007г. вработи втор лекарски тим.

01.07.2011г. оформивме трет лекарски тим.

05.04.2012г. прераснавме во Поликлиника од ПЗЗ со отварање на ординација по општа медицина вон Здравствениот дом со цел на пациентите да им се овозможат две места за прегледи без многу чекање и гужви. Планиравме веднаш и четврти лекарси тим, за двете ординации да работат во две смени, но од претходно изнесените причини тоа не се оствари.

За разлика од многу ПЗУ каде вработените доктори и сестри се исплаќаат на минимална плата на трансакциона сметка и нешто плус на рака, јас до денар и во паралела со јавното здравство ги исплаќам на трансакциона сметка сите мои вработени, на докторите јас им ги плаќам членарините за ЛК и ЗПРЛМ секоја година, јас ги плаќам и четири пати годишно КМЕ за целите, годинава им исплатив на сите вработени К-15 и сите користат по еден месец платен годишен одмор. Др Р.А. на 15.09.2014г. положи специјалистички испит по семејна медицина, а јас на книговодителот му наложив веќе од 01.10.2014г. да и спреми и исплати специјалистичка плата.

Водејќи сметка за стареењето и пензионирањето, инвестирав во иднината на оваа поликлиника и стипендирав два сега веќе дипломирани доктори.

Но мојот сон за долговечна и успешна поликлиника во моментов се руши од несфатливи пречки.

Ние докторите од ПЗЗ и наспроти високото факултетско образование и специјализации што ги имаме, по однос на Законот за нашите права, и воопшто за правото и правните прописи сме "табула раса" и на некој начин непотпишавме договори по кои сите освен нас имаат право. Комотно можеше да има клаузула, и таа ќе ја потпишевме, дека ФЗОМ еден ден може и да не обеси.

Мојот работен век законски ќе може да трае максимум уште четири години. Јас можам финансиски до тогаш без проблем за себе, со ФЗОМ или без него да преживеам, но, Ве молам, во интерес на сите сегашни и идни доктори од ПЗЗ, ако ПЗЗ воопшто сакате да имате, да ги повикате, да им ги сослушате проблемите и да преземете соодветни мерки за нивно решавање.

Со почит.

Тетово, 07.11.2014 година

ПЗУ Др [redacted] Поликлиника од Примарна здравствена заштита
Тетово, [redacted]
Директор
Др [redacted]